ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 7 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Северна Македонија. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во Република Северна Македонија крводарителството е доброволно и се спроведува преку крводарителски акции кои се организирани од Црвениот крст на Република Северна Македонија, а со помош на стручни тимови од Институтот за трансфузиологија, Скопје. Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции.

Министерството за здравство утврдува потреби на државата од единици на крв, крвни продукти и резерви, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и врши надзор над учесниците во спроведувањето на Програмата и утврдува систем на квалитет.

Министерството за здравство ги обезбедува финансиските средства и врз основа на доставени фактури и извештаи, врши исплата.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на

Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиологија и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувња.

Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хируршки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасуваше на многу животи.

## III. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина се извршители на програмата кои преку поединечни и заеднички активности ги реализираат планираните активностите.

1. **Црвениот крст на Република Северна Македонија** во областа на крводарителството, при реализација на Програмата, ги врши следните активности:
- Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални дарители на крв;
- Учество на волонтери на самата акција за прифаќање на дарителите на крв;
- Евиденција на крводарителските акции на посебни формулари;
- Изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги доставува до Министерството за здравство;
- Доделување на признанија на крводарителите.

**2. Институтот за трансфузиона медицина** и трансфузиолошките служби, при реализација на Програмата, ги вршат следните активности:
- Ги утврдуваат потребите за крв и крвни продукти за населението во Република Северна Македонија, заедно со Министерството за здравство;
- Вршат организирано прибирање на крв од доброволни дарители со мобилни екипи и во службите за трансфузиологија при болничките центри;
- Вршат контрола на крв, приготвување на крвни компоненти, нивно чување и експедиција;
- Во соработка со клиниките или болничките центри при медицинските центри вршат контрола на употребените крвни продукти;
- Обезбедуваат стандарди за прибирање на крв (стандарден состав на екипи, опременост, минимални ресурси за работа, стандарден број на

единици кои треба да се прибираат дневно, месечно, годишно);
- Вршат здравствена контрола и се грижат за здравјето на дарителите на крв;
- Водат национален регистар за дарители на крв (според местото на давање, крвни групи, ретки крвни групи, типизирани, одбиени крводарители, дарители на плазма и клеточни елементи);
- Изготвуваат книшка за дарители на крв (со код за секој крводарител, крвна група, картон за возач со крвна група);
- Учествуваат во здравствено-воспитна, мотивациска, истражувачка работа за развој и унапредување на крводарителството;
- Обезбедуваат унифициран благодарен оброк за дарители на крв.

**3. Заеднички активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина:**
- Планирање и организирање на крводарителските акции, како и изготвување на програма, оперативни планови, обврски и извештаи за реализација на Програмата за крводарителство;
- Планирање и утврдување на термин за изведување на крводарителска акција во одредена средини;
- Редовни контакти и посети во средина во која се планира да се изведе акцијата;
- Договор со организаторите за обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- Евалуација на постигнатите резултати, на терен и во установите за прибирање крв;
- Предлози за измени и дополнувања на програмата за организирање и унапредување на крводарителството;
- Прилагодување на новонастанати состојби и потреби од крв и крвни продукти (вонредни акции, сезонски потреби, ретки крвни групи);
- Организирање на вонредни крводарителски акции во случај на недостиг на единици на крв;
- Учество во работа на комисииите за крводарителство на разни нивоа;
- Редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за јавно информирање;
- Постојано осовременување на промотивни материјали за крводарителство и соработка со размена на искуства од други земји;
- Севкупна анализа и конкретен тримесечен увид во извршените активности и нивното финансиско обезбедување.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 25.000.000,00 денари. Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Севрерна Македонија за

2020 година во вкупен износ од 25.000.000,00 денари, од кои 5.000.000,00 денари од Основниот буџет и 20.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Од овие средства ке се плаќаат и неизмирените обрски за партиципација кон здравствените установи.

**Програмските активности и финансиската рамка преставени се во табела број 1, 2, 3 и 4.**

Табела бр. 1 Здравствено-воспитни, пропагандни и едукативни активности

„

| Реден број | Здравствено-воспитни, пропагандни и едукативни активности | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Плакат "повик" | 10.000 | 5.00 | 50.000 |
| 2 | Плакат за 17 Март | 1.000 | 20.00 | 20.000, |
| 3 | Евидентни листови за крвни акции | 10.000 | 2.00 | 20.000 |
| 4 | Флаер/агитка | 20.000 | 2,50 | 50.000 |
| 5 | Картички за повик | 40.000 | 0.60 | 24.000 |
| 6 | Одбележување на 17 Март и 14 Јуни | 2 | 100.000,00 | 200.000 |
| 7 | Активности на дневен центар за крводарување | - | - | 150.000 |
| 8 | Републички едукативни семинари за едукација на мотиватори на крводарителство | 3 | 125.000,00 | 375.000 |
| **Вкупно за здравствено-воспитни, пропагандни и едукат активности** | | | | **889.000,00** |

"

**Табела број 2** Изготвување на мотивациски средства за крводарителите

„

| Реден број | **Јубилејни признанија и мотивациони средства** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Значка за 5-то дарување | 1.800 | 65.00 | 117.000,00 |
| 2 | Значка за 10-то дарување | 1.300 | 65.00 | 84.500,00 |
| 3 | Значка за 25-то дарување | 700 | 65.00 | 45.500,00 |
| 4 | Плакета за 50-то дарување | 100 | 650.00 | 65.000,00 |
| 5 | Плакета за 75-то дарување | 60 | 650.00 | 39.000,00 |
| 6 | Плакета за 100-то дарување | 10 | 650.00 | 65.000,00 |
| 7 | Признанија за општини со исполнет план за крводарителство | 20 | 3500.00 | 70.000,00 |
| 8 | Печатење на Јубилејни благодарници | 5.000 | 5.00 | 25.000,00 |
| **Вкупно средства за јубилејни Признанија за крводарителство** | | | | **511.000,00** |

‟

**Табела број 3** Средства за надоместок на трошоци за подготвување и организирање на крводарителски акции

„

| **Опис на активност** | **Единечна цена (ден.)** | **Вкупно (ден.)** |
|---|---|---|
| За планирани 55.000 крводаувања на ООЦК | 120,00 ден | 6.600.000,00 |

‟

**Табела број 4** Средствата за надоместок за партиципација

„

| **Опис на активност** | **Вкупно (ден.)** |
|---|---|
| Партиципација за крводарители по приложени пресметки | 17.000.000,00 |

‟

Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувањаа кои се трансферираат на квартално ниво (тромесечно) до здравствените установи за околу 6.000 крводарители. Бројот на крводарители за исплатена партиципација е во зависност од висината на пресметаната партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител во вкупен износ од 17.000.000.,00 денари.

**Вкупно потребни средства за реализација на програмата по извршители:**

„

| Опис на активност | Извршител | Вкупно ден. |
|---|---|---|
| Организација на крводарителство | Црвен крст Република Северна Македонија | 6.600.000,00 |
| Здравствено-воспитни и пропагандни материјали | | 889.000,00 |
| Јубилејни признанија и мотивациони средства | | 511.000.00 |
| Средства за партиципација | Здравствени установи | 17.000.000,00 |
| **Вкупно** | | **25.000.000,00** |

"

## IV. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

1. Распределбата на средствата по Програмата се врши квартално до извршителите на активностите, врз основа на доставени извештаи и фактури за реализација на мерките и активностите содржани во Програмата, и тоа за активностите во последниот квартал од 2019 година и за првите 3 квартали од 2020 година.

2. Распределба на средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања се врши квартално до здравствените установи кои имаат склучено договор за пружање здравствени услуги со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за тековната година, а врз основа на доставена фактура, извештај/спецификација за периодот кој се фактурира за последниот квартал од 2019 година и за првите 3 квартали од 2020 година.

## V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторинг и евалуација за спроведување на оваа програма континуирано во текот на годината ќе врши Црвениот крст на Република Северна Македонија, и за тоа во извештаите ќе го информира Министерството за здравство.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во соработка со Институтот за трансфузиона медицина формира стручен тим кој заедно со комисијата за развој и унапредување на крводарителството при Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе ги следи и проценува зацртаните цели во оваа програма и ќе предлага мерки за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во процесот на имплементација на утврдените задачи и активности во оваа програма.

## VI. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија најдоцна до 31.01.2021 година доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за 2020 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10090/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.